Број 7

18.05.2023 година

Службен гласник на општина Делчево
Излегува по потреба

Уредува
Одделение за правни и општи работи

МАЈ 2023

1.Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/2002) и член 42 став 1 алинеја 3 од Статутот на Општина Делчево („Сл.гласник на Општина Делчево" бр.15/2013, 2/2019 и 1/2021), Градоначалникот на Општина Делчево, на ден **18.05. 2023** година, донесе

РЕШЕНИЕ

**За објавување на Заклучок за усвојување на Годишен извештај**
**за реализација на Програмата за развој на Источен-плански регион за 2022 година;**

I

Да се објави во „Сл.гласник на општина Делчево **Заклучокот** за усвојување на Годишен извештај за реализација на Програмата за развој на Источен-плански регион за 2022 година, донесен на 23.седница на Советот на Општина Делчево, одржана на 12.05.2023 година;

II

Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Сл.гласник на Општина Делчево".

Број 08- 1194 /1
18.05.2023 год.
Делчево

ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
Градоначалник,
Горан Трајковски,с.р.

Врз основа на член 65 од Законот за рамномерен регионален развој („Сл. Весник на РМ" бр.24 и 174/2021) и член 36 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/2002), Советот на Општина Делчево, на својата 23.редовна седница, одржана на ден 12.05.2023, донесе

ЗАКЛУЧОК

**за усвојување на Годишниот Извештај за реализација на Програмата**

**за развој на Источен плански регион за 2022 година**

1. Се усвојува Годишниот Ивештај за реализација на Програмата за развој на Источен плански регион за 2022 година бр.01-131/1 од 22.03.2023 година.

2. Заклучокот да се достави до Центарот за равој на Источно-планскиот со седиште во Штип.

3. Заклучокот влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл. гласник на Општина Делчево".

Број 09- 1119/1
12.05. 2022 год.

Д е л ч е в о

СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
Претседател,

Гоце Попов,с.р

2.Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/2002) и член 42 став 1 алинеја 3 од Статутот на Општина Делчево („Сл.гласник на Општина Делчево" бр.15/2013, 2/2019 и 1/2021), Градоначалникот на Општина Делчево, на ден **18.05. 2023** година, донесе

РЕШЕНИЕ

За објавување на Заклучок за усвојување на Годишен извештај за работењето на Центарот за развој на Источен плански регион за 2022 година

I

Да се објави во „Сл.гласник на општина Делчево **Заклучокот** за усвојување на Годишен извештај за работењето на Центарот за развој на Источен плански регион за 2022 година, донесен на 23.седница на Советот на Општина Делчево, одржана на 12.05.2023 година;

II

Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Сл.гласник на Општина Делчево".

Број 08-1194/2
18.05.2023 год.
Делчево

ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
Градоначалник,
Горан Трајковски,с.р.

.Врз основа на член 65 од Законот за рамномерен регионален развој („Сл. Весник на РМ" бр.24 и 174/2021) и член 36 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/2002), Советот на Општина Делчево, на својата 23.редовна седница, одржана на ден 12.05.2023, донесе

ЗАКЛУЧОК

за усвојување на Годишниот Извештај за работењето

на Центарот за развој на Источен плански регион за 2022 година

со Годишен финансиски извештај за работењето

1. Се усвојува Годишниот Извештај за работењето на Центарот за развој на Источно-планскиот регион за 2022 година бр.01-130/1 од 22.03.2023 година, заедно со Годишниот финансиски извештај за 2022 година кој е составен дел на истиот;
2. Заклучокот да се достави до Центарот за равој на Источно-планскиот регион со седиште во Штип.
3. Заклучокот влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл. гласник на Општина Делчево".

Број 09-1120 /1

12.05.2023 год.

Делчево

СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО

Претседател,

Гоце Попов, с.р.

3.Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/2002) и член 42 став 1 алинеја 3 од Статутот на Општина Делчево („Сл.гласник на Општина Делчево" бр.15/2013, 2/2019 и 1/2021), Градоначалникот на Општина Делчево, на ден 18.05. 2023 година, донесе

РЕШЕНИЕ

За објавување на Одлуката за проширување на средства во

Буџетот на Општина Делчево за 2023 година

I

Да се објави во „Сл.гласник на општина Делчево Одлуката за проширување на средства во Буџетот на Општина Делчево за 2023 година, донесена на 23.седница на Советот на Општина Делчево, одржана на 12.05.2023 година;

II

Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Сл.гласник на Општина Делчево".

Број 08-1194 /3
18.05.2023 год.
Делчево

ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
Градоначалник,
Горан Трајковски,с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 34 од Законот за буџетите (Сл.весник на РМ бр.64/2005, 04/2008, 103/08, 156/09, 95/10, 180/11, 171/12, 192/15, 167/16 и Сл.весник на РСМ 151/21), Советот на Општина Делчево на дваесет и третата седница одржана на ден 12.05.2023 година, донесе

# О Д Л У К А

## за проширување на средствата на Буџетот на Општина Делчево за 2023 година

### Член 1

Со оваа одлука се врши проширување на средствата на Буџетот на Општина Делчево за 2023 година, на следниот начин:

| Потпрограма Потставка | | САМОФИНАН. | ДОТАЦИИ | ДОНАЦИИ | КРЕДИТИ |
|---|---|---|---|---|---|
| **Се зголемуваат приходите на следните потставки :** | | | | | |
| 741114 | Пренесен вишок на приходи од претходната година | 0 | 4.919.580 | 0 | 0 |
| 742114 | Приходи од европската унија | 0 | 0 | 920.000 | 0 |
| | | **0** | **4.919.580** | **920.000** | **0** |
| **и се распоредуваат на следните расходни потставки :** | | | | | |
| **K10** | **БИБЛИОТЕКАРСТВО** | | | | |
| 401130 | Основни плати - други вработени | 0 | 16.000 | 0 | 0 |
| 401310 | Персонален данок на доход од плата | 0 | 2.500 | 0 | 0 |
| 402110 | Основни придонеси за ПИО | 0 | 5.000 | 0 | 0 |
| 402210 | Основни придонеси за здравство | 0 | 1.790 | 0 | 0 |
| 402220 | Основен придонес за професионално заболување | 0 | 500 | 0 | 0 |
| 402310 | Основни продонеси до Агенцијата за вработување | 0 | 500 | 0 | 0 |
| **N10** | **ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ** | | | | |
| 421120 | Водовод и канализација | 0 | 50.000 | 0 | 0 |
| 423120 | Списанија, весници и други изданија за користење од страна на вработените | 0 | 2.500 | 0 | 0 |
| 423990 | Други материјали | 0 | 8.770 | 0 | 0 |
| 425250 | Осигурување на недвижности и права | 0 | 62.500 | 0 | 0 |
| 425420 | Примарна здравствена заштита | 0 | 10.000 | 0 | 0 |
| 425990 | Други договорни услуги | 0 | 20.000 | 0 | 0 |
| 426310 | Семинари и конференции | 0 | 20.000 | 0 | 0 |
| 426990 | Други оперативни расходи | 0 | 35.000 | 0 | 0 |
| 464990 | Други трансфери | 0 | 50.000 | 0 | 0 |
| 480190 | Купување на друга спрема | 0 | 300.000 | 0 | 0 |
| 482910 | Подготвување проекти вклучувајќи дизајн на други објекти | 0 | 6.000 | 0 | 0 |
| 482930 | Реконструкција на други објекти | 0 | 350.000 | 0 | 0 |
| **N20** | **СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ** | | | | |
| 421240 | Течни горива | 0 | 300.000 | 0 | 0 |
| 423310 | Униформи | 0 | 100.000 | 0 | 0 |
| 423990 | Други материјали | 0 | 30.000 | 0 | 0 |
| 424210 | Одржување на згради | 0 | 200.000 | 0 | 0 |
| 425760 | Превозни услуги во образованието | 0 | 300.000 | 0 | 0 |
| 426310 | Семинари и конференции | 0 | 20.000 | 0 | 0 |
| 426410 | Објавување на огласи | 0 | 20.000 | 0 | 0 |
| 426990 | Други оперативни расходи | 0 | 30.000 | 0 | 0 |
| 480160 | Купување на спрема за греење и климатизација | 0 | 500.000 | 0 | 0 |
| 480190 | Купување на друга опрема | 0 | 900.000 | 0 | 0 |
| 482910 | Подготвување проекти вклучувајќи дизајн на други објекти | 0 | 70.000 | 0 | 0 |
| 482930 | Реконструкција на други објекти | 0 | 528.620 | 0 | 0 |
| **NA0** | **КАПИТАЛНИ РАСХОДИ ЗА ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ** | | | | |
| 482930 | Реконструкција на други објекти | 0 | 0 | 920.000 | 0 |
| **V10** | **ДЕТСКИ ГРАДИНКИ** | | | | |
| 401130 | Основни плати - други вработени | 0 | 389.704 | 0 | 0 |
| 401310 | Персонален данок на доход од плата | 0 | 42.296 | 0 | 0 |
| 402110 | Основни придонеси за ПИО | 0 | 112.800 | 0 | 0 |
| 402210 | Основни придонеси за здравство | 0 | 45.000 | 0 | 0 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 425990 | Други договорни услуги | 0 | 100.000 | 0 | 0 |
| 464990 | Други трансфери | 0 | 100.000 | 0 | 0 |
| | | **0** | **4.919.580** | **920.000** | **0** |

Бр. 09-1121/1
12.05.2023

Претседател на Советот на Општината
Гоце Попов, с.р.

4. Врз основа на член 51 став 1 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ", бр.5/02), Градоначалникот на Општина Делчево, донесе:

РЕШЕНИЕ

За запирање на објавување на пропис донесен од Советот на општина Делчево

1.**СЕ ЗАПИРА** објавување на Одлука за недонесување на Одлука за измена на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Делчево за 2023 година, со бр.09-1122/1, донесена од страна на Советот на Општина Делчево на 23-та седница одржана на ден 12.05.2023 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Делчево".

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

На 23-тата редовна седница на Советот на општина Делчево, одржана на 12.05.2023 година Советот на општина Делчево по предлог на Градоначалникот на Општина Делчево на дневен ред беше ставена Предог-Одлуката за измена на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Делчево за 2023 година согласно која членот 9 став 1 алинеја 1 на Одлуката за извршување на Буџетот на општина Делчево за 2023 се менува и гласи„ коефициент за утврдување на платата на избраните и именуваните лица - Градоначалник се определува според бројот на жителите во општината и изнесува 2,9, а основицата на која се пресметува изнесува 47.637". Оваа предлог Одлука беше изготвена согласно Одлуката на Уставен суд У бр.113/2022 од 21.03.2023 година објавена Службен весник на РСМ бр.65/2023 година со која се укинуваат член 4 од Законот за изменување и дополнување на законот за плата и други надоместоци на избрани и именувани лица во РМ (Сл.весник на РМ бр.97/2010) и член 1 од Законот за изменување на Законот за плата и други надоместоци за избрани и именувани лица во РМ( Сл.весник на РМ бр.139/2014). Расправајќи по оваа предлог одлука со 14 воздржани и 1 против, Советот на Општина Делчево не ја донесе Одлука за измена на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Делчево за 2023 година, па следствено на тоа беше изготвена Одлуката за недонесување на Одлука за измена на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Делчево за 2023 година. Со оглед на фактот дека со недонесувањето на Одлука за измена на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Делчево за 2023 година направена е повреда на уставот и законите, Градоначалникот на Општина Делчево **го запира** од објавување прописот Одлука за недонесување на Одлука за измена на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Делчево за 2023 година заведена под бр.09-1122/1 од 12.05.2023 година.

Имено согласно член 50 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02), во рамките на надлежностите на градоначалникот, се утврдени и обврските за контролирање на законитоста на прописите на советот (став 1 точка 2) и објавувањето на прописите на советот во службеното гласило (став 1 точка 3). Во овој контекст, а согласно член 50 став 1 од Законот за локалната самоуправа, ако Градоначалникот смета дека прописот на Советот не е во согласност со Уставот и законите, должен е во рок од седум дена од денот на доставувањето со решение да го запре неговото објавување, со кое ќе ги образложи причините за запирањето.

Во конкретниот случај со недонесувањето на Одлука за измена на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Делчево за 2023 година се постапува спротивно на одредбите од Законот за

плата и други надоместоци на избрани и именувани лица во Република Македонија каде е уредена основицата по која се пресметуваат и исплаќаат платите на избраните и именуваните лица вклучително и на Градоначалникот. Имено до објавувањето на Одлуката на Уставниот суд важечка основица на пресметување на платата беше оспорената, утврдена во член 4, во износ од 25.726 и таа основица со процентуалните усогласувања од 2014г. изнесуваше 26.755 според која се пресметуваа и исплаќаа платите на избраните и именуваните лица. Истовремено во сила била и одредбата од член 11 од истиот закон. Поради наведеното двојство во уредувањето на прашањето за основицата на платата на избраните и именуваните лица и непрецизноста и нејасноста на оспорените законски одредби, Уставниот суд на РСМ ги укина спорните членови од Законот. Согласно оваа Одлука на Уставен суд на РСМ, при пресметката на платата на овие лица треба да се има предвид одредбата од член 11 според која: „Основица за пресметување на платата е просечната исплатена месечна плата по вработен во Републиката за претходната година, според податоците на Државниот Завод за статистика". Просечно исплатената бруто плата во РМ по вработен за 2022година (согласно соопштението на Државниот завод за статистика на РСМ бр.4.1.23.27 од 21.03.2023 година), изнесува 47.637 денари. Согласно напред наведеното и согласно одредбите што сега се во сила беше направена Предлог- Одлуката за измена на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Делчево за 2023 година која иако беше изготвена согласно важечките прописи истата не беше донесена, па со Одлуката за недонесување на Одлука за измена на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Делчево за 2023 година бр.09-1122/1 од 12.05.2023 година јасно е дека е постапено спротивно на одредбите на горенаведениот закон.

Имајќи го во предвид укажувањето за повредата на Законот за плата и други надоместоци на избрани и именувани лица во Република Македонија и Одлуката на Уставен суд У бр.113/2022 од 21.03.2023 година објавена Службен весник на РСМ бр.65/2023 година, јас како Градоначалник постапувајќи согласно член 50 од Законот за локална самоуправа сметам дека прописот не е во согласно закон, па согласно член 51 став 1 од истиот закон го запирам неговото објавување со наведување на погореобразложените причини.

Поради сето горенаведено, Градоначалникот на Општина Делчево одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Број 08-1194/4
18.05.2023 година
Делчево

ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
Градоначалник,
Горан Трајковски,с.р.

5.Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/2002) и член 42 став 1 алинеја 3 од Статутот на Општина Делчево („Сл.гласник на Општина Делчево" бр.15/2013, 2/2019 и 1/2021), Градоначалникот на Општина Делчево, на ден **18.05. 2023** година, донесе

РЕШЕНИЕ

**За објавување на Одлуката за давање согласност на Измена на Годишен план за вработување на Општина Делчево за 2023 година**

I

Да се објави во „Сл.гласник на општина Делчево **Одлуката** за давање согласност на Измена на Годишен план за вработување на Општина Делчево за 2023 година, донесена на 23.седница на Советот на Општина Делчево, одржана на 12.05.2023 година;

II

Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Сл.гласник на Општина Делчево".

Број 08-1194 /5
18.05.2023 год.
Делчево

ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
Градоначалник,
Горан Трајковски,с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ„ 5/2002), а во врска со член 20-б точка 1 алинеја 3 и точка 2 од Законот за вработените во јавниот сектор („Сл.весник на РМ„ 27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18) и („Сл.весник на РСМ„ бр. 143/19 , 14/20, 215/21 и 99/22), а согласно член 32 од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/19, 14/20, 215/21 и 99/22), Советот на Општина Делчево на својата 23. редовна седница, одржана на ден 12.05.2023 година, донесе

**О Д Л У К А**

**за давање Согласност на Измена на Годишен план за вработување на Општина Делчево за 2023 година**

Член 1

Со оваа Одлука се дава Согласност на Измена на Годишен план за вработување на Општина Делчево за 2023 година, бр.19-920/1 од 04.04.2023 година.

Член 2

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Делчево„.

Број 09-1123/1
12.05.2023 година
Делчево

СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
Претседател
Гоце Попов

6.Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/2002) и член 42 став 1 алинеја 3 од Статутот на Општина Делчево („Сл.гласник на Општина Делчево" бр.15/2013, 2/2019 и 1/2021), Градоначалникот на Општина Делчево, на ден **18.05. 2023** година, донесе

**РЕШЕНИЕ**

**За објавување на Заклучокот за усвојување на Извештајот за работата на ЈКП „Брегалница"-Делчево за 2022 година;**

I

Да се објави во „Сл.гласник на општина Делчево **Заклучокот** за усвојување на Извештај за работата на ЈКП „Брегалница"-Делчево за 2022 година, донесен на 23.седница на Советот на Општина Делчево, одржана на 12.05.2023 година;

II

Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Сл.гласник на Општина Делчево".

Број 08- 1194 /6
18.05.2023 год.
Делчево

ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
Градоначалник,
Горан Трајковски,с.р.

Врз основа на член 5 став 3 од Законот за јавни претпријатија („Сл.весник на РМ" бр.38/96, 9/97, 6/202, 40/2003, 49/2006, 22/2007, 83/2009, 97/2010, 6/2012, 41/2014, 138/2014, 25/2015, 61/2015, 39/2016 и 64/2018) и член 36 став 1 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/2002), Советот на Општина Делчево, на својата 23.редовна седница, одржана на ден 12.05.2023 година, донесе

ЗАКЛУЧОК
за усвојување на Извештајот за
работата на ЈКП „Брегалница"-Делчево за 2022

1. Се усвојува Извештајот за работата на ЈКП „Брегалница"-Делчево за 2022 година, бр. 0102-99/1 од 06.03.2023 година, усвоен од страна на Управниот одбор на ЈКП „Брегалница"-Делчево, со Одлука број 0202-106/2 од 10.03.2023 година.

2. Заклучокот влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на Општина Делчево".

Број 09- 1124 /1
12.05.2023 година
Д е л ч е в о

СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
Претседател,
Гоце Попов,с.р.

7.Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/2002) и член 42 став 1 алинеја 3 од Статутот на Општина Делчево („Сл.гласник на Општина Делчево" бр.15/2013, 2/2019 и 1/2021), Градоначалникот на Општина Делчево, на ден **18.05. 2023** година, донесе

РЕШЕНИЕ

За објавување на Заклучок за усвојување на Годишна сметка
на ЈКП „Брегалница" за 2022 година

I

Да се објави во „Сл.гласник на општина Делчево **Заклучокот** за усвојување на Годишната сметка на ЈКП „Брегалница"-Делчево за 2022 година, донесен на 23.седница на Советот на Општина Делчево, одржана на 12.05.2023 година;

II

Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Сл.гласник на Општина Делчево".

Број 08-1194 /7
18.05.2023 год.
Делчево

ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
Градоначалник,
Горан Трајковски,с.р.

Врз основа на член 36 став 9 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ" бр.5/2002) и член 22 став 1 точка 34 од Статутот на Општина Делчево („Службен гласник на Општина Делчево"бр.15/2013, 2/2019 и 1/21), Советот на Општина Делчево на својата 23.редовна седница, одржана на ден 12.05.2023 година, донесе

ЗАКЛУЧОК
**за усвојување на Годишната сметка**
**На ЈКП „Брегалница" – Делчево за 2022 година**

1.Се усвојува Годишната сметка на ЈКП „Брегалница" –Делчево за 2022 година.

2.Заклучокот влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Делчево".

Број 09-1125/1
12.05.2023 год.
Делчево

СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
Претседател,
Гоце Попов,с.р.

8.Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/2002) и член 42 став 1 алинеја 3 од Статутот на Општина Делчево („Сл.гласник на Општина Делчево" бр.15/2013, 2/2019 и 1/2021), Градоначалникот на Општина Делчево, на ден **18.05.2023** година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За објавување Дополнување на Програмата за изработка**
**на урбанистички планови на подрачјето на општина Делчево за 2023 година;**

I

Да се објави во „Сл.гласник на општина Делчево **Заклучокот** за Дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови на подрачјето на општина Делчево за 2023 година, донесен на 23.седница на Советот на Општина Делчево, одржана на 12.05.2023 година;

II

Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Сл.гласник на Општина Делчево".

Број 08-1194 /8
18.05.2023 год.
Делчево

ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
Градоначалник,
Горан Трајковски,с.р.

Врз основа на член 40 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ( Сл. весник на РСМ бр.32/2020) и член 36 став 6 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ„ број 5/2002), Советот на Општина Делчево на 23. седница одржана на ден 12.05.2023 година, донесе

Дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови на подрачјето на Општина Делчево за 2023

I. Во Програмата за изработка на урбанистички планови на подрачјето на Општина Делчево за 2023 година бр. 09-2706/1 од 26.12.2022 година се врши следната дополна:

Во Глава Б ( Урбанистички проекти ) во точка 7 ( Донесување – одобрувае на урбанистички проекти согласно член 58 и член 63 од законот за Урбанистичко планирање ) после подточката 7.23 се додава нова подточка :

Подточка 7,24 , која гласи Урбанистички Проект вон опфат на урбанистички план за инфраструктура Е1.8 –Водови за пренос на електрична енергија - "Каблирање со 10 (20) кВ кабел, делница ТС 10/0,4 кВ Звегор 2 – ТС 10/0,4 кВ Звегор 1" (плански опфат ќе се движи по траса од КП бр.5602, КП бр.5598, КП бр.5091/2, КП бр.5089/1, КП бр.5047, КП бр.5094, сите во КО Звегор, продолжува по КП бр.1427/2, КП бр.1428/1, КП бр.1431, КП бр.1432, КП бр.1440, КП бр.1441, КП бр.1443/1, КП бр.1447, сите во КО Звегор вон град, потоа продолжува по КП бр.1449/1 КО Звегор, КП бр.1454, КП бр.1450 КО Звегор вон град, продолжува по КП бр.1449/1 КО Звегор, КП бр.5184, КП бр.5183, КП бр.

II.Дополнувањето на **Програмата за изработка на урбанистички планови на подрачјето на Општина Делчево за 2023** стапува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во ,,Службен гласник на Општина Делчево".

Број 09 – 1126/1
12.05 2023 год.
Делчево

СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
Претседател,
Гоце Попов,с.р.

9.Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/2002) и член 42 став 1 алинеја 3 од Статутот на Општина Делчево („Сл.гласник на Општина Делчево" бр.15/2013, 2/2019 и 1/2021), Градоначалникот на Општина Делчево, на ден 18.05. 2023 година, донесе

РЕШЕНИЕ

За објавување на Заклучок за усвојување на Годишен извештај за спроведување на Програмата за јавна чистота во Општина Делчево за 2022 година

I

Да се објави во „Сл.гласник на општина Делчево" Заклучокот за усвојување на Годишен извештај за спроведување на Програмата за јавна чистота во Општина Делчево за 2022 година, донесен на 23.седница на Советот на Општина Делчево, одржана на 12.05.2023 година;

II

Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Сл.гласник на Општина Делчево".

Број 08-1194/9
18.05.2023 год.
Делчево

ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
Градоначалник,
Горан Трајковски,с.р.

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр.5/2002), Советот на Општина Делчево, на својата 23.редовна седница, одржана на ден 12.05.2023 година, донесе

**ЗАКЛУЧОК**

**за усвојување на Годишниот извештај за спроведувањето на Програмата за јавна чистота во Општина Делчево за 2022 година**

1. Се усвојува Годишниот извештај за спроведувањето на Програмата за јавна чистота во Општина Делчево за 2022 година;
2. Заклучокот влегува во сила осмиот ден од денотна објавувањето во „Сл.гласник на Општина Делчево;

Број 09- 1127/1
12.05.2023 година
Д е л ч е в о

СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
Претседател,
Гоце Попов ,с.р.

10.Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/2002) и член 42 став 1 алинеја 3 од Статутот на Општина Делчево („Сл.гласник на Општина Делчево“ бр.15/2013, 2/2019 и 1/2021), Градоначалникот на Општина Делчево, на ден 18.05. 2023 година, донесе

РЕШЕНИЕ

**За објавување на Заклучок за усвојување на Годишен извештај за спроведување на Програмата за управување со отпадот во општина Делчево за 2022 година**

I

Да се објави во „Сл.гласник на општина Делчево“ Заклучокот за усвојување на Годишен извештај за спроведување на Програмата за управување со отпадот во општина Делчево за 2022 година, донесена на 23.седница на Советот на Општина Делчево, одржана на 12.05.2023 година;

II

Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Сл.гласник на Општина Делчево“.

Број 08- 1194 /10
18.05.2023 год.
Делчево

ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
Градоначалник,
Горан Трајковски,с.р.

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ" бр.5/2002), Советот на Општина Делчево, на својата 23.редовна седница, одржана на ден 12.05. 2023 година, донесе

ЗАКЛУЧОК
**за усвојување на Годишниот извештај за спроведувањето на Програмата за управување со отпадот во Општина Делчево за 2022 година**

1. Се усвојува Годишниот извештај за спроведувањето на Програмата за управување со отпадот во Општина Делчево за 2022 година;

2. Заклучокот влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на Општина Делчево;

Број 09-1128 /1
12.05.2023 година
Д е л ч е в о

СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
Претседател,
Гоце Попов ,с.р.

11.Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/2002) и член 42 став 1 алинеја 3 од Статутот на Општина Делчево („Сл.гласник на Општина Делчево" бр.15/2013, 2/2019 и 1/2021), Градоначалникот на Општина Делчево, на ден **18.05. 2023** година, донесе

РЕШЕНИЕ

**За објавување на Заклучок за усвојување Измена на Годишен план за вработување на ОЈУДГ „Весели Цветови" за 2023 година**

I

Да се објави во „Сл.гласник на општина Делчево" Заклучокот за усвојување Измена на Годишен план за вработување на ОЈУДГ „Весели Цветови" за 2023 година, донесена на 23.седница на Советот на Општина Делчево, одржана на 12.05.2023 година;

II

Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Сл.гласник на Општина Делчево".

Број 08- 1194 /11
18.05.2023 год.
Делчево

ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
Градоначалник,
Горан Трајковски,с.р.

Врз основа на член 36 став 15 од Законот за локална самоуправа („Службен Весник на Република Македонија“ бр.5/2002), член 20 -а и 20- б од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“ бр.27/2014, 199/2014, 27/2016, 35/2018 и 198/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.143/2019), Советот на Општина Делчево , на својата 23. редовна седница, одржана на ден 12.05. 2023 година, донесе

ЗАКЛУЧОК
за усвојување на измена на Годишен план за вработување
на ОЈУДГ „Весели Цветови“ Делчево за 2023 година

1. Се усвојува измената на Годишниот план за вработување на ОЈУДГ „Весели Цветови“ Делчево за 2023 година бр.0102-42/3 од 24.03.2023 година.

2.Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен Гласник на Општина Делчево“.

Број 09- 1129/1 СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО

12.05. 2023 година Претседател,

Делчево Гоце Попов,с.р.

12.Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/2002) и член 42 став 1 алинеја 3 од Статутот на Општина Делчево („Сл.гласник на Општина Делчево“ бр.15/2013, 2/2019 и 1/2021), Градоначалникот на Општина Делчево, на ден **18.05.2023** година, донесе

РЕШЕНИЕ
За објавување на Одлука за утврдување на потреба од донесување на урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат, објект станбена куќа зграда бр.1 по барање на Љупчо Тодоров

I

Да се објави во „Сл.гласник на општина Делчево“ **Одлуката** за утврдување на потреба од донесување на урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат, објект станбена куќа зграда бр.1 по барање на Љупчо Тодоров, донесена на 23.седница на Советот на Општина Делчево, одржана на 12.05.2023 година;

II

Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Сл.гласник на Општина Делчево“.

Број 08- 1194/12 ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
18.05.2023 год. Градоначалник,
Делчево Горан Трајковски,с.р.

Врз основа на член 50 точка 6 и член 62 точка 1 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" број 5/02) и член 2 од Правилникот за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација ("Сл.весник на РМ" број 56/11,162/12), како и Законот за постапување со бесправно изградени објекти (Сл.В. 23/11, 54/11, 155/12, 56/13, 72/13, 44/14 115/14, 99/14, 124/15, 129/15, 217/15 ,31/16 и 190/17 ) Советот на Општина Делчево на својата 23. редовна седница, одржана на ден 12.05.2023 година донесе

ОДЛУКА

**за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат**

**Објект станбена куќа згр. бр. 1 –по барање на Љупчо Тодоров**

Член 1

Се утврдува потреба од донесување на Урбанистичко планска документација со која ке се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти а во врска со поднесеното барање за утврдување на правен статус на бесправен објект број уп I бр. 12-**499** од **10.08.2011** година, од страна на **Љупчо Тодоров од с.Звегор – Делчево** за бесправно изграден објект, **Објект станбена куќа** – означен во елаборат како зграда бр. **1** изграден на **КП бр. 5859 КО Звегор** запишана во имотен лист бр. **723** и кој бесправен објект е надвор од урбанистички плански опфат.

Член 2

Со цел вклопување на бесправно изградениот објект од член 1, ќе се изработи и донесе урбанистичко планска документација согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Делчево".

**Број 09-1130/1**
**12.05.2023 година**
**Делчево**

СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
**Претседател,**
**Гоце Попов,с.р.**

13.Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/2002) и член 42 став 1 алинеја 3 од Статутот на Општина Делчево („Сл.гласник на Општина Делчево" бр.15/2013, 2/2019 и 1/2021), Градоначалникот на Општина Делчево, на ден **18.05.2023** година, донесе

РЕШЕНИЕ

**За објавување на Одлука за расходовање на неупотребливи материјали и предмети останати по реновирањето на санитарните јазли на училиштето**

I

Да се објави во „Сл.гласник на општина Делчево" **Одлуката** за расходовање на неупотребливи материјали и предмети останати по реновирањето на санитарните јазли на училиштето, донесена на 23.седница на Советот на Општина Делчево, одржана на 12.05.2023 година;

II

Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Сл.гласник на Општина Делчево".

Број 08- 1194/13
18.05.2023 год.

ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
Градоначалник,

Делчево Горан Трајковски,с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 од Законот за локална самоуправа („ Сл.весник на РМ " бр.5/02) и член 22 став 1 точка 35 од Статутот на општина Делчево („ Сл.гласник на општина Делчево " бр . 15/2013, 2/2019 и 1/2021, Советот на општина Делчево на својата 23. редовна седница, одржана на ден 12.05.2023 година ја донесе следната

ОДЛУКА

За расходовање на неупотребливи материјали и предмети
останати по реновирањето на санитарните јазли на училиштето

Член 1

Се дава согласност за расходување на движните ствари сопственост на Општина Делчево, утврдени со Одлуката на Училишниот одбор бр.02-121/3 од 27.04.2023 и Спецификација на материјали и предмети наменети за расходување по реконструкција на санитарни јазли во ООУ „Ванчо Прке"-Делчево и цени, изготвена од страна на Комисија за расходување и продажба .

Член 2

Ова Одлука влегува во сила осмиот ден од денот денот на објавување во „Службен гласник на Општина Делчево ".

Број 09-1131/1
12.05.2023 година
Делчево

СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
Претседател,
Гоце Попов,с.р.

14.Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/2002) и член 42 став 1 алинеја 3 од Статутот на Општина Делчево („Сл.гласник на Општина Делчево" бр.15/2013, 2/2019 и 1/2021), Градоначалникот на Општина Делчево, на ден **18.05.2023** година, донесе

РЕШЕНИЕ

За објавување на Одлуката за финансиска помош
по Барање број УП1 21-101 од 07.03.2023 година

I

Да се објави во „Сл.гласник на општина Делчево", **Одлуката** за финансиска помош по Барање број УП1 21-101 од 07.03.2023 година донесена на 23.седница на Советот на Општина Делчево, одржана на 12.05.2023 година;

II

Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Сл.гласник на Општина Делчево".

Број 08- 1194 /14
18.05.2023 год.
Делчево

ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
Градоначалник,
Горан Трајковски

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа("Службен весник на РМ бр.5/2002) и Барање УП 21-101 од 07.03.2023 година, Советот на Општина Делчево на својата 23.седница, одржана на ден 12.05.2023 година, донесе

ОДЛУКА

**за одобрување на финансиски средства за лекување по барање број УП 21-101 од 07.03.2023**

Член 1

Се одобруваат финансиски средства во износ од **30.000** денари.
Средствата ќе бидат наменети за лекување на Валентина Петревска од Делчево.

Член 2

Средствата ќе бидат исплатени на име **Валентина Петревска** на трансакциска сметка 300057014051555, Комерцијална банка АД Скопје.

Член 3

Се задолжува Одделението за буџетска контрола, сметководство и администрирање на даноци при Општина Делчево да ја спроведе одлуката по нејзиното стапување во сила.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Делчево.

Бр. 09 – 1132 /1
12.05.2023 година
Делчево

СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
Претседател,
Гоце Попов,с.р.

15.Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/2002) и член 42 став 1 алинеја 3 од Статутот на Општина Делчево („Сл.гласник на Општина Делчево" бр.15/2013, 2/2019 и 1/2021), Градоначалникот на Општина Делчево, на ден **18.05.2023** година, донесе

РЕШЕНИЕ

**За објавување на Одлуката за финансиска помош по Барање број УП1 21-112 од 14.03.2023 година**

I

Да се објави во „Сл.гласник на општина Делчево", **Одлуката** за финансиска помош по Барање број УП1 21-112 од 14.03.2023 година донесена на 23.седница на Советот на Општина Делчево, одржана на 12.05.2023 година;

II

Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Сл.гласник на Општина Делчево".

Број 08-1194/15
18.05.2023 год.
Делчево

ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
Градоначалник,
Горан Трајковски,с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа("Службен весник на РМ бр.5/2002) и Барање УП 21-112 од 14.03.2023 година, Советот на Општина Делчево на својата 23.седница, одржана на ден 12.05.2023 година, донесе

ОДЛУКА
за одобрување на финансиски средства
по барање број УП 21-112 од 14.03.2023

Член 1
Се одобруваат финансиски средства во износ од 15.000 денари.
Средствата ќе бидат наменети за физикална терапија на Јадранка Мицевска од Делчево.

Член 2
Средствата ќе бидат исплатени на име Јадранка Мицевска на трансакциска сметка 200002981292470, Стопанска банка АД Скопје.

Член 3
Се задолжува Одделението за буџетска контрола, сметководство и администрирање на даноци при Општина Делчево да ја спроведе одлуката по нејзиното стапување во сила.

Член 4
Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Делчево.

Бр. 09 – 1133 /1
12.05.2023 година
Делчево

СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
Претседател,
Гоце Попов,с.р.

16.Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/2002) и член 42 став 1 алинеја 3 од Статутот на Општина Делчево („Сл.гласник на Општина Делчево" бр.15/2013, 2/2019 и 1/2021), Градоначалникот на Општина Делчево, на ден 18.05.2023 година, донесе

РЕШЕНИЕ
За објавување на Заклучок
во врска со Барање бр.09-801/1 од 21.03.2023

I

Да се објави во „Сл.гласник на општина Делчево",**Заклучок** во врска со Барање бр.09-801/1 од 21.03.2023, донесен на 23.седница на Советот на Општина Делчево,одржана на 12.05.2023 година;

II

Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Сл.гласник на Општина Делчево".

Број 08-1194/16
18.05.2023 год.
Делчево

ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
Градоначалник,
Горан Трајковски,с.р.

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/2002), а согласно Барањето на Месната заедница с. Стар Истевник број 09-801/1 од 21.03.2023 година, а согласно член 145 од Деловникот, Советот на Општина Делчево, на својата 23.редовна седница, одржана на ден 12.05.2022 година го донесе следниот

**ЗАКЛУЧОК**
**во врска со Барање бр.09-801/1 од 21.03.2023**

Во врска со барањето на Месната заедница с. Стар Истевник број 09-801/1 од 21.03.2023, Советот на Општина Делчево го заклучи следното:

1.Со цел подобрување на осветлувањето кај селската чешма и селската црква надлежните служби задолжени за поставување и одржување на јавното осветлување да ја констатираат фактичката состојба и да ги преземат сите мерки за подобрување на осветлувањето-замена на светилки или поставување да дополнителна доколку има потреба;

2. ЈКП „Брегалница" да постави метални садови за собирање на отпад (контејнери);
3. Општина Делчево-Сектор за урбанизам, да изнајде решение за проблемот со секундарниот отпад во смисла одредување и обележување на локации за секундарен отпад;
4. Општина Делчево да преземе мерки за прочистување на селските патишта кои водат до месноста Лиена и месноста Новинак за да можат земјоделците непречено да ги обавуваат своите работи;

5. ЈКП „Брегалница" –Делчево и Општина Делчево да обезбедат стручна и правна помош во врска со решавањето на проблемот со селскиот водовод и нерационалната потрошувачка на вода од поединци заради што мештаните се соочуваат со недостаток на вода (за луѓето и добитокот) во летниот период;
6. Општина Делчево и ЈКП „Брегалница"-Делчево да го известат Советот на Општина Делчево за сите преземени активности и мерки;
7.Заклучокот влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Делчево".

Заклучокот да се достави до:
- Градоначалникот;
- Подносителот на барањето;
- Сектор за урбанизам, заштита на животната средина, комунални дејности и сообраќај;
- ЈКП „Брегалница"-Делчево
- Совет на Општина Делчево.

Број 09- 1134 /1

СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО

12.05.2023 година
Делчево

Претседател,
Гоце Попов,с.р.

17.Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/2002) и член 42 став 1 алинеја 3 од Статутот на Општина Делчево („Сл.гласник на Општина Делчево" бр.15/2013, 2/2019 и 1/2021), Градоначалникот на Општина Делчево, на ден **18.05.2023** година, донесе

РЕШЕНИЕ

**За објавување на Одлуката за формирање на Општински совет за безбедност на сообраќајот на патиштата**

I

Да се објави во „Сл.гласник на општина Делчево" на **Одлуката** за формирање на Општински совет за безбедност на сообраќајот на патиштата, донесена на 23.седница на Советот на Општина Делчево, одржана на 12.05.2023 година;

II

Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Сл.гласник на Општина Делчево".

Број 08-1194 /17
18.05.2023 год.
Делчево

ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
Градоначалник,
Горан Трајковски,с.р.

Врз основа на член 36 став 1 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр.5/02) и член 22 став 1 од Статутот на Општина Делчево („Службен Гласник на Општина Делчево" бр.15/13, 2/19) во врска со член 370, член 371, член 372, член 373 и член 374 од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата („Службен весник на Република Македонија" бр.169/15, 226/15, 55/16, 11/18, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.98/19, 302/20 и 122/21) Советот на Општина Делчево, на својата 23. редовна седница, одржана на ден 12.05.2023 година донесе

ОДЛУКА

**за формирање на Општински совет за безбедност на сообраќајот на патиштата Делчево**

Член 1

Со оваа Одлука, се формира Општинскиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата Делчево, како функционален дел на Републичкиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата.

Член 2

За претседател на Општинскиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата Делчево и членови се именуваат:

1. **Билјана Прачкоска**, *Секретар на ЕЛС - Општина Делчево* - претседател;
2. **Николина Петровска Мавродиева**, *Виш соработник за сообраќај и патишта - дипломиран сообраќаен инженер* – член;
3. **Зоран Кускински**, *Инспектор во ЕЛС Општина Делчево - дипломиран сообраќаен инженер* - член;

4. **Биљанка Алексовска**, *Самостоен референт за сообраќај и патишта и комунални работи-сообраќаен инженер*,- **член;**
5. **Живко Стоименов**, *Предавач во автошкола, дипломиран сообраќаен инженер* - **член;**
6. **Миле Тодоровски** – *Територијална противпожарна единица Делчево* – **член;**
7. **Сара Станковски**, *Полициски службеник во ПО за БПС Делчево*, – **член;**
8. **Ана Ситновска Димитровска** – *Советник – одговорен сметководител во Општина Делчево, магистар по монетарна економија, финансии и банкарство* - **член;**
9. **Ивана Ивановска** - *Советник за правни работи и застапување, магистар по казнено право* - **член;**

Член 3

Задачите на Советот од член 1 на оваа одлука особено се:

- унапредување на работите поврзани со безбедноста на сообраќајот на патиштата во општина Делчево;
- унапредување на сообраќајното воспитување и образование на учесниците во сообраќајот и развивање на сообраќајно-образовната работа на предучилишните установи и училиштата;
- остварување на соработка и координација во превентивната работа на државните органи, институциите, правните лица и други субјекти по прашањата на самозаштита во областа на безбедноста во сообраќајот;
- организирање и учество во сообраќајно – воспитни акции и манифестации од областа на сообраќајната превентива;
- поттикнување, развивање и помагање на научно – истражувачка работа во областа на сообраќајот на патиштата;
- организирање на научни и стручни собири за работи од областа на безбедноста на сообраќајот на патиштата;
- соработка со средствата за јавно информирање, заради навремено, целосно и објективно информирање на јавноста за мерките за унапредување на сообраќајната превентива и безбедноста на сообраќајот на патиштата.

Член 4

Општинскиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата Делчево за својата работа донесува Деловник, со кој поблиску се определуваат неговите задачи и начинот на работа.

Член 5

За остварување на задачите на членот 3 од оваа Одлука, Општинскиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата Делчево, донесува Годишна програма, која се усвојува од страна на Советот на Општина Делчево.

Член 6

Финансиски извештај и извештај за реализираните активности од Годишната програма, Општинскиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата Делчево, доставува до Советот на Општина Делчево.

Член 7

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Делчево".

Број 09-1135/1
12.05.2023 година
Делчево

СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
Претседател,
Гоце Попов,с.р.

18.Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/2002) и член 42 став 1 алинеја 3 од Статутот на Општина Делчево („Сл.гласник на Општина Делчево" бр.15/2013, 2/2019 и 1/2021), Градоначалникот на Општина Делчево, на ден 18.05.2023 година, донесе

РЕШЕНИЕ

**За објавување на Одлуката за одобрување на приоритетен проект за апликација по Проектот „ Јакнење на општинските капацитети за имплементација на проекти" – Фаза 2, во форма на Грант и кофинансирање**

I

Да се објави во „Сл.гласник на општина Делчево" на **Одлуката** за одобрување на приоритетен проект за апликација по Проектот „ Јакнење на општинските капацитети за имплементација на проекти" – Фаза 2, во форма на Грант и кофинансирање, донесена на 23.седница на Советот на Општина Делчево, одржана на 12.05.2023 година;

II

Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Сл.гласник на Општина Делчево".

Број 08- 1194 /18
18.05.2023 год.
Делчево

ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
Градоначалник,
Горан Трајковски,с.р.

Врз основа на член 22 и 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ бр.5/2002"), член 15 и 22 од Статутот на Општина Делчево („Службен гласник на Општина Делчево" бр.15/13 и 2/2019), како и согласно барањата во Повикот за финансирање на техничка документација за инфраструктурни проекти преку Фондот за техничка документација воспоставен со подршка на проектот на УНДП „Јакнење на општинските капацитети за имплементација на проекти" – Фаза 2, финансиран од страна на Шведската агенција за меѓународна соработка (Сида) и Бирото за регионален развој, Советот на Општина Делчево на 23. Седница,одржана на ден 12.05.2023 година, донесе

ОДЛУКА

**за одобрување на приоритетен проект за апликација по Проектот „ Јакнење на општинските капацитети за имплементација на проекти" – Фаза 2, во форма на Грант и кофинансирање**

Член 1

Се одобрува приоритетен проект за апликација по Повикот за финансирање на техничка документација за инфраструктурни проекти преку Фондот за техничка документација воспоставен со подршка на проектот на УНДП „Јакнење на општинските капацитети за имплементација на проекти" – Фаза 2, финансиран од страна на Шведската агенција за меѓународна соработка (Сида) и Бирото за регионален развој за мал Грант до 30 000 американски долари, како што следува:

- **Подобрување на сообраќајните услови и безбедноста во сообраќајот преку изградба на кружни крстосници во градот Делчево.**

Член 2

Потврдуваме дека Општина Делчево ќе обезбеди кофинансирање од најмалку 20% од трошоците за изработка на техничката документација (проектирање) односно ќе го обезбеди минималното кофинансирање во износ од 6 000 американски долари и дека доколку е потребно ќе ги покрие сите трошоци кои евентуално би се јавиле над висината на грантот, но не повеќе од 30% од максималната вредност на Грантот.

Член 3

Оваа Одлука е составен дел на апликацијата за финансиска поддршка за техничка документација преку Фондот за техничка документација воспоставен со подршка на проектот на УНДП „Јакнење на општинските капацитети за имплементација на проекти" – Фаза 2, финансиран од страна на Шведската агенција за меѓународна соработка (Сида) и Бирото за регионален развој.

Член 4

Одлуката влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Делчево".

Бр.09-1136/1
12.05.2023 година
Делчево

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Делчево
Гоце Попов,с.р.

19.Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/2002) и член 42 став 1 алинеја 3 од Статутот на Општина Делчево („Сл.гласник на Општина Делчево" бр.15/2013, 2/2019 и 1/2021), Градоначалникот на Општина Делчево, на ден 18.05.2023 година, донесе

РЕШЕНИЕ

**За објавување на Одлуката Одлука за дополнување на Одлуката за ослободување од плаќање на комунална такса за користење и одржување на јавно осветлување бр.09-733/1 од 13.03.2023**

I

Да се објави во „Сл.гласник на општина Делчево" на **Одлуката** за дополнување на Одлуката за ослободување од плаќање на комунална такса за користење и одржување на јавно осветлување бр.09-733/1 од 13.03.2023, донесена на 23.седница на Советот на Општина Делчево, одржана на 12.05.2023 година;

II

Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Сл.гласник на Општина Делчево".

Број 08-1194 /19
18.05.2023 год.
Делчево

ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
Градоначалник,
Горан Трајковски,с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија " бр.5/02), член 6 став 2 и став 3 од Законот за комуналните такси („Службен весник на Република Македонија" бр.61/04.....23/2016 и Службен весник на Република Северна Македонија"бр.151/21), а согласно член 15 и член 22 од Статутот на Општина Делчево („Сл.гласник на Општина Делчево" бр.13/15,2/19 и 1/21), Советот на Општина Делчево на својата 23.седница, одржана на 12.05.2023 година, донесе

ОДЛУКА

За дополнување на Одлуката за ослободување од плаќање на комунална такса за користење и одржување на јавно осветлување бр.09-733/1 од 13.03.2023

Член 1

Со оваа одлука се дополнува членот 3 од Одлуката за ослободување од плаќање на комунална такса за користење и одржување на јавно осветлување бр.09-733/1 од 13.03.2023, објавена во „Службен гласник на Општина Делчево“ бр.5/2023.

Имено, по ставот 1 од член 3 се додава нов став 2 кој гласи:

*„Градоначалникот на Општина Делчево да го задолжи Секторот за урбанизам,заштита на животна средина, комунални дејности, сообраќај и ЛЕР да издава Потврда , по барање на имателите на електрични броила ,со која ќе потврди дека имателите на електрични броила за мерење на електрична енергија без јавно осветлување се лоцирани и поставени на:*

*- земјоделско земјиште вон мрежата за јавно улично осветлување и*

*- придружни објекти во земјоделски површини вон мрежата за јавно улично осветлување“.*

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Делчево.

Бр. 09 –1137/1
12.05.2023 година
Делчево

СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
Претседател,
Гоце Попов, с.р.